РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHI AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-49
03.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-49 од 14.02.2025 година и Предлогот Уп1 бр.08-49 од 27.02.2025 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-799/9 од 28.02.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 28.02.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-1 од 07.09.2023 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 7-та седница одржана на 18.02.2025 г., со Заклучок арх.бр.02-657/8 од 18.02.2025 г., го усвои предлогот на д-р Зоран Трајчевски, Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-49 од 14.02.2025 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-1 од 07.09.2023 г., поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај арх.бр.05-658/1 од 14.02.2025 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 19.02.2025 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-49 од 19.02.2025 г., за негово известување дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Меѓутоа, на 26.02.2025 г. до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување арх.бр.05-658/2 од 26.02.2025 г. дека ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 24.02.2025 г. изврши уплата во износ од 3.329.421,00 (три милиони триста дваесет и девет илјади и четиристотини дваесет и еден) денар и на 25.02.2025 г. изврши уплата во износ од 402.603,00 (четиристотини и две илјади и шестотини и три) денари, со што годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-49 од 14.02.2025 година и Предлогот Уп1 бр.08-49 од 27.02.2025 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-799/9 од 28.02.2025 година, Советот на Агенцијата, на 9-та седница одржана на 28.02.2025 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).